ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-28/5
16-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-28/1 од 03.01.2023 година, со наводи за сомнеж за корушпција поврзано со ----------------------------------------------------- ----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надежно постапување.

Предметот со број 12-28/1 од 03.01.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 29.12.2022 година, поднесена е пријава со наводи за сомнеж за корупција поврзано со ------------------------------ ----------------- и оформен е предмет број 12-28/1 од 03.01.2023 година.

Во пријавта се укажува за сомневање дека во месец Октомври 2020 година, ---------- ----------------------примил подарок во спротивност со позитивнте прописи, кој заедно со членовите на неговото семејство престојувал во еден од најскапите Хотели во --------------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК со Барање за примање податоци и информации бр.12-28/2 од 16.01.2023 година побара од именуваниот да се произјаснува по однос на наводите во пријавата и да достави податоци за целта на патувањето. За случајот дополнително, ДКСК по електронски пат и по пошта, достави барање за податоци и во Хотелот каде е наведено дека престојувал именуваниот, меѓутоа до моментот на одлучување од страна на хотелот не беше доставен одговор.

По добијениот одговор од страна на именуваниот ДКСК констатира дека не се потврдуваат пријавените наводи и нема доволно јасни податоци за незаконито или недозволиви дејствија врз основа на кои ДКСК може да постапи во рамите на своите законски надлежности.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата (ако подносителот е познат
Изготвил:С.М
Одобрил: Ш.С-член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**